**20120381102**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 29 став (8) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНА ОПРЕМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата за постапување со отпадна опрема, во рокот утврден со член 29 став (7) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на дозвола односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за постапување со отпадна опрема“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице – подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Бр. 07-895/3
5 март 2012 година
Скопје

Министер за животна
средина и просторно планирање,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

Прилог

До: Писарницата на министерот за животна средина и просторно планирање

Број ____________________
Датум __________________

БАРАЊЕ
заради неиздавање на дозвола односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за постапување со отпадна опрема

______________________________________________________________
(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице – подносител на барање )

______________________________________________________________
(седиште на правно лице/адреса на физичко лице – подносител на барање )

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, министерот за животна средина и просторно планирање, во рокот утврден во член 29 став (10) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, да постапи по барањето за издавање на решение за дозвола за постапување со отпадна опрема, поднесено под број _________ на ден _______________ до _______________, чија копија се доставува во прилог.

Подносител на барање
___________________